# Христо Петрески

# ПАНТОМИМА

***поема за зборовите што исчезнуваат...***

## (пролог)

не го плази јазикот не го подавај не го покажувај
не го издолжувај зашто и тој има корен
па може да ти отпадне од преголемо издолжување
да ти го поплукаат од преголемо покажување
да ти го скинат од преголемо подавање
да ти возвратат исто ти како што се плазиш
а мајка никогаш не велеше плазиш туку кривиш
што се преправаш да ми прости господ како нешто да ти фали
а кога сме веќе кај мајчиниот и татковиот јазик
нека започне веднаш листањето
на *нивниот* никогаш ненапишан речник...

како што кокошката им ги ситни трошките на пиленцата
или  мајката прво истура капка две од врелото млеко на својата рака
пред да му ја стави цуцлата на бебето в уста
така и ти покажи им го патот на своите деца
меѓу чакалот и песокот меѓу тревата и троскотот

прво влези во морето за да видиш колку е длабоко

а дури потоа дали водата е топла или ладна

така и ти научи ги да го разбираат твојот говор

кога ќе помислиш нешто а кога нема да изговориш ништо!

**1.**

## (абре-дебре)

се загнаа облаците од исток кон запад

се затвори небото од сите страни

па фативме трчај прекутрупа

на гумното вршидбата при крај беше

едни викај мавај и терај ги коњите

други и самите со нозе гази

трети барај најлони за покривање

четврти носи ја веалката среде гумно

петти... е петти немаше четворица бевме и мало и големо

а сите саде гледавме правопругоре кон небото

па удривме абре-дебре по коњот по класјето по житото

со пиралките со дрвените лопати со вилите

кој со што знаеше и умееше

кој со што в раце му се вдаде

и најпосле коњот се скочани во солената пот

а ние осилките ги требевме со нокти и чешли за добиток

под ближната стреа дури не помина потопот

кој ја однесе сета плева од гумното

го светна како огледало дворот

сал стежерот не го помрдна од место

а сѐ друго беше како нов ден

како ништо од вчера и да не било

а штом не било тоа и не се случило!

**2.**

## (авраќ)

седнавме сите четворица на масата

четворица за јадење сите големи

а за работа кој од кој помал и помал

но пусто јадењето в уста не се клава

авраќ е солено дури горчливо како пелин

кој поминал тој сол ставил во варивото

а татко на мајтап вели: не се јаде ич не е солено

дајте уште сол да ставиме

уште малку горчина да доставиме

белки сосема ќе нѐ отруе

и од земјава ќе нѐ снема

како никогаш и да не сме биле

како никогаш и да не сме вршеле

како никогаш и да не сме јаделе...

**3.**

## (анџар)

со најголемиот анџар ги колевме свињите

доколку немавме бајонет од војните

а со помалиот анџар сечевме зелка

или дробевме тикви штир и лобода за добитокот

а најмалиот анџар го чувавме за во планина

или за недај боже го носевме со нас против насилниците

а секирата ноќе ја чувавме зад врата за арамиите

и којзнае колку анџари беа исковани наострени болснати

или фрлени рѓосани по нивите и доловите

со коскена и дрвена рачка или без неа

а ние како деца сепак најмногу се плашевме од најголемиот анџар

кој беше пострашен и од најголемиот човек

попот учителот џандарот полјакот...

**4.**

## (атер)

атер атер себеси матер ќе речеше понекогаш мајка ми

смртно погодена од лош збор или уште полоша постапка

посебно на некој близок кој ја навредил на чешма

упатувајќи ѝ погрден збор или незгодно прашање

па жената везден плачеше или офкаше здрава без болест

само да ја намали тежината на зборовите

кои како отровни стрели ја погодуваа право в срце

зашто или беа премногу вистинити или сосема неприлични

но во секој случај беа многу поблиску до правилото

атер и вересија никому!

**5.**

## (барде)

во него сета жед на жетварите е збрана

со него попрскај го чардакот скалите па и друмот

но и печалката огништето и жарта

а ако си жеден благослови ја сувата уста

зашто и во суви шкрки бог ти дарил роса

па од довденско барде што се раздава за душа

веќе ни жубор ни клокот не се слуша!

**6.**

## (белутрак)

таму имаше толку многу белутраци

што чиниш ноќе светеа посилно и од месечината

а дење немаше камче да не се препнеш од него

а да не биде белутрак и тоа од најбелиот вид

со белутрак си го триевме местото

по секое каснување на пчела

или недај боже убод на оса

така го исфрлавме отровот

или само стравот од повторно отекување

кога со педи меревме колку е далеку од срцето

знаејќи дека барем белутраци има во изобилие

и секој што ќе се обиде да ги истреби или здроби

самиот ќе се претвори во прав и пепел

а тие ќе му светат како најсилно сонце над главата

или недај боже над снагата!

**7.**

## (бубаќ)

небото беше прошарано со кадели волна

со врзми преполнети и одвај заврзани со бубаќ

како кога се оди на влачење со полни вреќи свежи руна

или на валање со штотуку стокмени веленца и дипли

кои греат полично дури и од белотијата на водата

во која залутаната речна пастрмка го превртува грбот

а ти чиниш ѕвезда паднала од небото

и се претворила во џиновска сребрена школка

во која се огледува сиот бубаќ од небото

како го плави реката низ полето

а тој се извишува дури до најгорниот рид на планините!

**8.**

## (булук)

саноќ сонував булук овци

што сон ќе да е тоа

ако не душмани околу куќата

коприви и капиње околу дворот

или можеби далечни гости

кои дошле на едно видување

можеби последно на светот и векот

овците беа измешани:

бели црни и со локни

да беа барем сите бели

пред нив одеше голем пес

а зад нив овчар со непознат лик

подгрбавен и со забрадено лице

со јанта кожув и со стап повисок од него

чиниш гледа некаде далеку

и бара некого

а тој кутриот ниту гледа ниту слуша

сал деновите ги брои од понеделник до поседелник

од сушна до врнежлива година

од ненадејна поплава до неподнослива жега

и така ден за ден денизден

купи ден замини ден година ден години

од булукот ништо не остана

ни јагне шилеже ни ашик ни клопотарец

сал навреди и од земи и од небо

сал колнежи пцости и клетви

да ти е срам да кажеш кој си и што си

од каде си и за каде си?!

**9.**

## (ваган)

ваган ваганка пањца

колку поплитка толку полошо за децата

колку подлабока толку подобро за гостите

дрвена да трае колку даб и бука што трае

зашто од дрен само крлук се прави

ама чинија не се прави

а земјена од најцрвена и најлеплива глина да е

трипати препечена трипати да падне а ниеднаш да не се скрши

сите со дрвени или железни лажици да буричкаат во неа

да гребат од сите страни

како гладни волци да колваат како стрвни орли

а сепак најслатко ќе е

кога со последниот касај леб ќе се врти петпати по дното од ваганот

или кога со толчникот на згрувци сол ќе се груши чешне лукче

пред гладната уста да го вкуси

пред ваганката празна да светне

пред пањцата на буниште дупната да летне!

**10.**

# (видело)

дури не го изгубиш виделото не знајш што е тоа

само слеп човек знае што е тоа виделина

кога ќе изгреј светло сонце појасно и од најјасна месечина

тој од едната страна на тунелот влезе од другата излезе

од едната темна ноќ на животот до другиот светол ден стигна

и никој не узна зошто е тоа жарче во очите толку милно и толку силно

ко секавица громот што го вести

пред пред очите црно перде да се стори

магла и мрак во кој прст пред око не се гледа

густо тесто се вгнездило една педа

а ти попусто со бастунот чукаш лево десно

се вденуваш како конец во уше на игла тесно

со мислите кои патот ти го пречат

со наречници кои патот предвреме ќе ти го речат!

**11.**

## (влек)

направи му прво врат на најголемото дебло

и врзи синџир или јаже вудве вутри

и свлечи го со раце или со коњот за амутот

право по стрмолијата низ ричката или долот

до првата зарамнина и расточената кола без страки

и така влечкај ги сите парои и сите ветки

сѐ додека од густежот не се направи забел

а од падината влек со широки бразди

за летни суводолици за нескротливи брзаци

за сонливи дрвари за отровни влекачи

и други непрокопсаници кои саноќ сонеле дрва

белки ќе имале многу пари!

**12.**

## (вренгија)

направи ја вренгијата од вишна повишна

повисока од човечки бој

затни ја со камења и базје

облепи ја со свежа кал и тиња

со лопур повит шамак и дива трева

да не истече ни една капка за жедните ниви

од водочот до изливот завир да се стори

а на преливот ќе ставиме врша

со тенки врбови прачки нов дом за немирни риби

кои взорум ќе завршат на жешката тава

пред песочната брана да ја урне силен бран

пред некој друг да направи уште поголем забран!

**13.**

## (вршник)

кој под вршникот наумил глава да стави

тој душата му ја позајмил на лебот од црепна

или заборавил дека тепсијата под сач и жар се вари

а најубави се компирите и тиквите под вршник

кои чиниш зреат под свитото небо

полно со светни угасни ѕвезди

и светулки залепени на нашите чела

дури како војници маршираме по микро планетата цела!

**14.**

# (гар)

ја ископачивме на коријата северната страна

таму кајшто се криеја лиотите крвни

и сите змии смокови и гуштери се спуштија долу

меѓу луѓето добитокот сред новите скришни места

а јазовците смрдулките и ежовите побараа нови легла

зашто ја запаливме ниската трева

капините и копривите ги претворивме во висок пламен

а бозелот и шипот се престорија во гар и пепел

на кој уште утре ќе осамне никулец од нова тревка

помека и повисока од претходната

за гладните усти на јагнињата и јарињата

за првите седела на пилињата

за првата брканица на бебињата!

**15.**

# (грлник)

тој е чуваркуќа и добракуќа на пустиножителите

расне сам кајшто не го посадила ничија рака

туку самиот заврзал над стреата под ѓерамидите

до влезот од дрвената порта

на камениот подѕидок од фурната

со кисела насмевка во устата

мелем за живите рани

позелен и од гуштериците што го лазат

полековит и од врачите кои љубоморно го пазат!

**16.**

## (гуња)

толку песни се испеале за таа козинена наметка

на главите од овчари до војсководци

која ги штитела од дождови и бури

и ги водела во нови бденија и војни

без да знаат кои нежни прсти им земале мерка

и провирале темен конец со дебела игла

за да ги спречат стрелите на ветрот

кои јуришале право во срцето на лутата зима

а старите пастири и номади

до крајот на животот се прашувале:

дали нешто потрајно и помеко има?!

## 17.

# (гушале)

кој не ставил никогаш ништо на женски врат

попусто ќе мечтае да галне нежно тело со кревка тревка

или да пушти рака со врв од нежни прсти

кон набрекнати гради на ждребица расна

во играта на немирот плотна и страсна

а тоа гушарето ја крие гугутката што спие

под гурата е сè што предизвикливо бие

затоа вие храбри и недоветни мажи

брзо во строј кон надојдените гради!

## 18.

# (дисаѓи)

нарами ги братче дисаѓите празни

и тргни на далечен пат ако сакаш да ги наполниш

најпрвин ќе ти тежи предната торба на стомакот како вреќа

потоа ќе те удира тапанот на задниот мев по грбот

но брзо ќе се навикнеш и на тежината и на чукањето

зашто тоа ќе биде товар од чисти златници

кои чим ги погледнеш опулот ќе ти застане

душата ќе ти се мајоса срцето ќе те жегне

мислата ќе те пеплоса: вредеше ли пуста младост

за десет грсти златници саде за еден мал куп железо

далеку од ближните најблиску до ѓаволот

во туѓа јабана до својата болештина

за која не вредат ни дисаѓи ни врзми ни сакми

та затоа земи ги брате дисаѓите преполни

префрлени врз самарот на дооденото магаре

и истури ги во долот белк

...